Член 99 од цитираниот закон, пропишува: „Глоба во износ од 200 до 300 евра во денарска противвредност ќе и се изрече за прекршок на организацијата со статус од јавен интерес ако не ги објави извештаите согласно со членот 87 од овој закон“.

Во членот 101, пак е пропишано:„Пред поднесувањето на барањето за поведување на прекршочна постапка на сторителот за прекршок ќе му се понуди порамнување од Министерството за финансии како надлежен орган за контрола на финансиското работење на организациите“.

Во членот 3 став 4 од Правилникот за образецот за формата и содржината на деловниот и финансискиот извештај за здруженијата и фондациите со статус од јавен интерес („Службен весник на РМ“ бр.18/2011), е пропишано дека позицијата под реден број 4.Транспарентност и отчетност, содржи и потврда дека деловниот и финансискиот извештај се објавени на веб страницата на здружението и фондацијата.

Имајќи ги во вид горенаведените законски одредби, Ве молиме во рок од 7 дена од денот на приемот на дописот, да овозможите пристап до веб страната на здружението и да го објавите Деловниот и финансискиот извештај за 2021 година на веб сајтот на Вашето здружение, а се со цел негово повторно разгледување од страна на Комисијата за организации со статус од јавен интерес.

Доколку во наведениот рок не постапите по доставеното барање, Ве известуваме дека Комисијата за организации со статус од јавен интерес ќе постапи согласно постоечката законска регулатива.

Со почит,

ПРЕТСЕДАТЕЛКА
НА КОМИСИЈАТА ЗА ОРГАНИЗАЦИИ
СО СТАТУС ОД ЈАВЕН ИНТЕРЕС
Марија Митевска

Подготвил: Дарко Настевски
Контролирала: Сања Савовска
Одобрила: м-р Сузана Никодијевиќ - Филиповска